РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
БИЗНИС АКАДЕМИЈА СМИЛЕВСКИ-БАС
Бр. 0401-94/7
01.10 2018 год.
СКОПЈЕ

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСТАВНО ЗВАЊЕ ЗА НАСТАВНАТА ОБЛАСТ ОРГАНИЗАЦИСКО ОДНЕСУВАЊЕ И КОМУНИЦИРАЊЕ НА БИЗНИС АКАДЕМИЈА СМИЛЕВСКИ – БАС

Врз основа на конкурсот за избор на наставник во НАСТАВНО ЗВАЊЕ ЗА НАСТАВНАТА ОБЛАСТ ОРГАНИЗАЦИСКО ОДНЕСУВАЊЕ И КОМУНИЦИРАЊЕ, објавен во дневниот весник Нова Македонија на ден 06.07.2018 година и врз основа на Одлуката на Наставничкиот совет, бр. 0205-208/4, донесена на 03.07.2018 година, формирана е Рецензиона комисија во состав: проф. д-р Гордана Тасевска – професор на Бизнис академија Смилевски – Бас, Скопје, вон. проф. д-р Кристина Крстеска – вонреден професор на БАС Институтот за менаџмент, Битола и виш пред. д-р Даниела Карадаков – виш предавач на Бизнис академија Смилевски – Бас, Скопје.

Како членови на Рецензионата комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на наставник во НАСТАВНО ЗВАЊЕ ЗА НАСТАВНАТА ОБЛАСТ ОРГАНИЗАЦИСКО ОДНЕСУВАЊЕ И КОМУНИЦИРАЊЕ, во предвидениот рок се пријави еден кандидат за избор: **м-р Билјана Галовска.** По прегледаната документација се доставува извештај за кандидатот.

## 1. М-Р БИЛЈАНА ГАЛОВСКА

### БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот м-р Билјана Галовска е родена на 30.12.1978 год. во Битола каде го завршува основното и средното образование. Дипломира на Факултетот за учители и воспитувачи во 2001 година на отсекот – предучилишно воспитание. Во 2003 година се запишува на постдипломски студии на Универзитетот „Св.Климент Охридски", Педагошки факултет, Битола на отсекот менаџмент во образование. Во 2006 година го брани својот магистерски труд под наслов „Дизајнирање на организациска структура за задоволување на посебните потреби кај децата" и се стекнува со звањето магистер по образовен менаџмент.

### КАРИЕРЕН РАЗВОЈ НА КАНДИДАТОТ

М-р Билјана Галовска во 2001 година има работено како новинар во локалната ТВ Орбис. Истовремено стана дописник во печатениот магазин „Газета" кој се издаваше за југозападниот регион од Македонија. Паралелно на тоа работеше како уредник и водител на утринската емисија на радио 106 во Битола.

Од крајот на 2001 година паралелно со новинарските активности на локално ниво работи како оператор на компјутер во Приватната агенција за обезбедување „Конзул". Од 2004 год до 14.08.2018 година е во редовен работен однос во приватната агенција за обезбедување „Карпатија" од Битола на местото административен-технички секретар.

Во 2015 година се обучува за работа со деца со посебни потреби по АБА програмата и волонтира во Центарот за деца со аутизам А.С.Н во Битола. од областа на личниот развој.

Во април 2017 година заинтригирана од науката за личен развој ја започнува едукацијата за професионален коуч на Коучинг академијата Славица Скваjер во Белград според програма акредитирана од Европската коучинг асоцијација. На 30.05.2018 година ги исполнува сите услови со кои добива право да полага и се стекнува со сертификат за професионален коуч според ЕСА. Истата година во септември 2017 па се до април 2018 година ја помина обуката за Неуро-лигвистичко програмирање и се сертифицира за НЛП практикант. Од 29.05.2017 година интензивно се занимава со индивидуален коучинг.

**АВТОРСКИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ**

***Објавени трудови:***

- „(Ре)дизајн на организациска структура во предучилишна установа за потребите на инклузијата", Меѓународна конференција на тема „Институционален и вонинституционален третман на лицата со посебни образовни потреби", Дефектолошки институт Скопје, 03.10.2008 год.

- Information for management personal about terms coaching and neuro-linguistic programming, MACEDONIAN INTERNATIONAL JOURNAL OF MARKETING, br.8 Skopje 2018 mzmarketing.org.mk.

Трудовите се од областа во која кандидатката аплицира.

**Учества на собири, конференции, симпозиуми и обуки:**

- Социјал панорама

Промена на перспективата преку социјал панорама со предметен фокус,,Освестување на себе,, НЛП институт Славица Скваjер, Белград, Србија, мај 2018

- Меѓународна научна конференција

„Приватното обезбедување во 21 век искуства и предизвици„со предметен фокус Менаџментот и предизвиците, Охрид, Р Македонија 2017

- Меѓународна научна конференција

„Свесно родителство„ со предметен фокус „Свесни родители-свесни деца„ академија Илина Ведран, 2017

- Тренинг за успех

„Начин на остварување на цели„ со предметен фокус Развој на личност, Академија Илина Ведран и Коста Петров, Скопје, Р.Македонија, април 2016

- Обука на тема

„Менаџирање на безбедносниот процес при преземање на нов објект и склучување на договор„ со предметен фокус „Менаџерите и преговарањето„Комора за приватно обезбедување на Р.Македонија, Скопје,2007

- Тренинг, обука, работилница (3 фази)

„Млади Синдикални лидери„ со предметен фокус „ Поставеноста, преговарањето и организирањето на синдикалната младина„Регионален синдикат Битола-Р.Македонија и Регионален синдикат Малме Шветска, Скопје, Охрид, Р.Македонија и Малме, Шведска 2002-2004 год.

## Оценка од хабилитациона постапка

Кандидатот м-р Билјана Галовска во интерес на изборот и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставни и соработнички звања на Бизнис академија Смилевски – Скопје, одржа и хабилитациона постапка. Истата беше оценета со позитивна оценка од страна на евалваторите.

## Заклучок и предлог

Врз основа на целокупната доставена документација Рецензионата комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на кандидатот м-р Билјана Галовска.

Кандидатот ги задоволува критериумите за избор на предавач на Висока стручна школа и тоа: има завршено втор циклус на академски студии во областа на менаџмент, покажува способност за наставна и високостручна работа што се потврдува од позитивната хабилитациона постапка, има објавено два трудови од областа и има успешно искуство во работите од струката.

Врз основа на сите овие достигнувања Рецензионата комисија му предлага на Наставничкиот совет на Бизнис академија Смилевски, м-р Билјана Галовска да ја избере во постојан работен однос во НАСТАВНОТО ЗВАЊЕ ПРЕДАВАЧ НА ВИСОКА СТРУЧНА ШКОЛА ЗА НАСТАВНАТА ОБЛАСТ ОРГАНИЗАЦИСКО ОДНЕСУВАЊЕ И КОМУНИЦИРАЊЕ.

Рецензиона комисија:

Скопје, 20 септември, 2018

Проф. д-р Гордана Тасевска

Проф. д-р Кристина Крстевска

Виш. пред д-р Даниела Карадаков